This project is funded
by the European Union

Овој проект е финасиран
од Европската Унија

A project implemented
by the Coalition All for Fair trials

Проектот е имплементиран од
Коалиција Сите за правично судење

# МОНИТОРИНГ БРИФ ЗА ПРАВОСУДСТВО

**КОАЛИЦИЈА „СИТЕ ЗА ПРАВИЧНО СУДЕЊЕ“**

**МАЈ, 2025**



**Издавач:**

Коалиција „Сите за правично судење“

**Автор:**

Тимот на Коалиција „Сите за правично судење“

**Дизајн и техничка обработка:**

Даниел Митковски

Овој мониторинг бриф е изработен со финансиска поддршка на Европската Унија. Неговата содржина е единствена одговорност на Коалицијата „Сите за правично судење“ и истата не може да се смета дека ги одразува ставовите на Европската Унија.

Достапно единствено како електронско издание

# АКТУЕЛНИ СУДСКИ ПОСТАПКИ

## Предмети од областа на организиран криминал и корупција

### „ТАЛИР” КОК-3/19

Рочиштето на 13.05.2025 година се одложи по барање на јавниот обвинител.

Рочиштето на 20.05.2025 година се одложи поради отсуство на обвинет од здравствени причини.

### „ТИТАНИК “КОК-59/22

Рочиштето на 06.05.2025 година се одложи.

Рочиштето на 12.05.2025 година се одложи поради отсуство на обвинет од здравствени причини.

### „ФЕНИКС” КОК-12/24

Рочиштето на 12.05.2025 година се одложи поради отсуство на судија поротник од здравствени причини.

### „МЕЃУНАРОДЕН СОЈУЗ“ КОК-47/24

На 05.05.2025 година, на рочиштето за главна расправа се изведуваа материјални докази предложени од јавното обвинителство.

Рочиштето на 29.05.2025 година беше одложено.

### „ИМПЕРИЈА“ КОК-33/23

Рочиштето на 13.05.2025 година се одложи поради отсуство на обвинет од здравствени причини.

Рочиштето на 16.05.2025 година се одложи поради отсуство на обвинет.

На 30.05.2025 година, на рочиштето за главна расправа беа сослушани 3 сведоци предложени од јавниот обвинител.

### „СОФТВЕРИ“ КОК-112/24

Рочиштето на 05.05.2025 година се одложи бидејќи списите на предметот се наоѓаат во Апелациониот суд.

На 28.05.2025 година, на рочиштето за главна расправа се изведуваа материјални докази предложени од јавниот обвинител.

### „ШПАНСКИ СКАЛИ“ КОК-30/20

На 19.05.2025 година, на рочиштето за главна расправа беа дадени завршни зборови од јавниот обвинител.

На 26.05.2025 година, на рочиштето за главна расправа беа дадени завршни зборови обвинетите и нивните бранители.

### „ЕУ ФОНДОВИ“ КОК-179/22

На 16.05.2025 година рочиштето беше одложено бидејќи обвинетите не беа подготвени за нивен распит.

### „АДИТИВ“ КОК-73/25

На 29.05.2025 година, започна главната расправа по овој судски предмет. На првото рочиште јавниот обвинител даде воведен говор, а обвинетите се произнесоа дека не се чувствуваат виновни.

## Останати судски предмети

### „ЖАН МИТРЕВ” К-349/23

На 06.05.2025 година, на рочиштето за главна расправа се изведуваа видео тонски записи од сослушување на оштетено лице.

На 19.05.2025 година, на рочиштето за главна расправа се изведуваа видео тонски записи од сослушување на 4 сведоци.

### „УБИСТВОТО НА ВАЊАЃОРЧЕВСКА И ПАНЧЕ ЖЕЖОВСКИ“ К-1339/24

На 16.05.2025 година, на рочиштето за главна расправа се изведуваа материјални докази предложени од одбраната.

На 21.05.2025 година, на рочиштето се изведуваа докази во фаза на дополнение на доказната постапка.

### „РОДИЛКАТА ОД СТРУГА“ К-95/22

Рочиштето на 16.05.2025 година се одложи.

### „ТОТАЛ“ К-1493/17

Рочиштето на 07.05.2025 година се одложи поради отсуство на судија од здравствени причини.

### „СПОРТСКИ ВАУЧЕРИ“ К-884/24

Рочиштето на 16.05.2025 година се одложи.

### „МОДУЛАРНА БОЛНИЦА-ТЕТОВО“ К-512/24

На 12.05.2025 година, на рочиштето за главна расправа беа дадени завршни зборови.

На 16.05.2025 година, судот јавно ја објави пресудата. Судот изрече осудителна пресуда и на правното лице му изрече парична казна во висина од 1 милион денари, а на останатите обвинети им изрече казна ефективен затвор во траење од 1 година и 6 месеци.

### „СООБРАЌАЈКА НА ПАРТИЗАНСКА“ К-780/25

На 09.05.2025 година, на рочиштето за главна расправа беше даден воведен говор од страна на јавниот обвинител, по што обвинетиот призна вина.

На 13.05.2025 година, судот јавно ја објави пресудата. Судот донесе осудителна пресуда со која го огласи обвинетиот за виновен и му изрече казна ефективен затвор во траење од 12 години како и забрана за управување со моторно возило во траење од 5 години.

### „УБИСТВОТО ВО КРАТОВО“ К-540/24

Рочиштето на 22.05.2025 година беше одложено поради отсуство на судии поротници.

## СЕДНИЦИ НА СУДСКИ СОВЕТ НА РСМ

На **14.05.2025 година**, Судскиот совет ја одржа 522-та седница на која ги донесе следните одлуки:

- Емина Калач судија на Основен суд Велес времено се упатува да ја врши судиската функција во Основен суд Кочани;
- Одлучуваше по претставки и поплаки поднесени од граѓаните и правните лица за работата на судиите, претседателите на судовите и судовите;
- Расправаше и одлучуваше по приговори на кандидати на Предлог ранг листите за избор на 10 (десет) судии во Апелациониот суд Скопје.

На **26.05.2025 година**, Судскиот совет ја одржа 523-тата седница, на која ги донесе следните одлуки:

- за претседател на Основен суд Крушево е избран Хаџо Тариќ, судија на Основен суд Битола;
- за претседател на Врховниот суд на Република Северна Македонија е избран Африм Фидани, судија на Врховниот суд на Република Северна Македонија;
- За судии на Апелациониот суд Скопје, за кривична област избрани се: Марија Клетничка Марковска, судија на Основен кривичен суд Скопје, Оља Ристова, судија на Основен кривичен суд Скопје, Иван Џолев, судија на Основен кривичен суд Скопје и Бетим Јахја, судија на Основен суд Тетово;
- За судии на Апелациониот суд Скопје, за граѓанска област избрани се: Елизабета Настов, судија на Основен граѓански суд Скопје, Софија Миленкова, судија на Основен граѓански суд Скопје, Цветанка Сиљаноска Костадиновска, судија на Основен граѓански суд Скопје, Кети Германова, судија на Основен граѓански суд Скопје, Благица Ѓошевска, судија на Основен суд Крива Паланка и Артан Лимани, судија на Основен граѓански суд Скопје.